# ТоплификацијА АД - Скопје

Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија

Македонска берза на хартии од вредност АД

Лондонска б.б.
1000 Скопје
Р.Македонија

Тел.: 02/30 97 600
Факс: 02/30 76 057

kontakt@toplifikacija.mk
www.toplifikacija.mk

Скопје, 23.11.2018

**ПРЕДМЕТ: ИНФОРМАЦИЈА**

Со решение IV СТ 125-18 на првостепениот суд, кое во текот на оваа недела беше доставено до Топлификација АД, прифатено е барањето на Битар Холдинг Лимитед за отворање стечајна постапка на Топлификација АД.

Топлификација АД во законски рок ќе вложи жалба до второстепениот суд на оваа одлука на првостепениот суд.

Во стечајот на ТЕ ТО АД кој фирмата го поднесе сама на себе, а кој беше подржан од доминантниот сопственик на ТЕ ТО АД, Битар Холдинг Лимитед, се отпишаа побарувања на Топлификација АД од над 30 милиони евра потврдени со одлука на Врховниот суд на Република Македонија.

Барањето за стечај на Топлификација АД поднесено од Битар Холдинг Лимитед за долг од 1 милион евра, кои се искористени од ТЕ ТО АД и кои ТЕ ТО АД треба да и ги плати на Топлификација АД првостепениот суд го прифати не земајќи ги во предвид доказите презентирани во процесот.

Во периодот од март 2018 година кога почна овие координирани активности на Битар Холдинг Лимитед, Топлификација АД поднесе кривична пријава до ОЈО и претставки до надлежните институции со докази за сериозни кршења на законите во овие постапки.

Согласно информациите кои ги имаме надлежните институции постапуваат по претставките и ја испитуваат законитоста во овие постапки.

Топлификација АД ќе ги преземе сите правни можности да се спречи, преку оваа организирана и незаконска активност да се направат огромни финансиски штети на фирмата.

**ТОПЛИФИКАЦИЈА АД Скопје**